| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Наслов на наставниот предмет** | **Медицинско право** | | | |
| **2.** | **Код** | 50835 | | | |
| **3.** | **Студиска програма** | Деловно право | | | |
| **4.** | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје<br>Универзитет “Св.Кирил и Методиј“ Скопје | | | |
| **5.** | **Степен (прв, втор, трет)** | Втор циклус | | | |
| **6.** | **Академска година/семестар** | Втора година, трет семестар | **7.** | **Број на ЕКТС кредити** | 6 |
| **8.** | **Наставник** | проф.д-р. Димитар Гелев | | | |
| **9.** | **Предуслови за запишување на предметот** | нема | | | |
| **10.** | **Цели на предметната програма (компетенции):** | | | | |
| | Цел на предметната програма по Медицинско право е да им овозможи на студентите да се стекнат со продлабочени знаења за оваа материја и со специфични вештини за примена на ова право во практиката.<br>Посебни задачи на оваа програма се:<br>- да ги оспособи студентите самостојно да ги идентификуваат и критички да ги анализираат основните институти на медицинското право,<br>- да развива вештини за примена на стекнатите знаења во практиката во врска со медицинското право.<br>- студентите да ги разберат основните концептуални, терминолошки и етимолошки поими во сферата на медицинското право.<br>- студентите да бидат во состојба да ги разликуваат и разберат основните видови здравствени услуги и начинот на организација на здравствената дејност.<br>- студентите да бидат во состојба да ги разликуваат и разберат основните видови правни извори за регулација на професионалните услуги и професионалните асоцијации и различните видови обичаи и стандарди на однесување и професионални стандарди во рамките на медицинската професија.<br>- студентите да бидат во состојба да ги знаат основните видови договори со кои се регулира професиоанлната услуга помеѓу лицето што врши слободна професија и неговиот клиент; како и различните системи според кои се регулираат ваквите односи.<br>- студентите да бидат во состојба да ги знаат договорот за услуга, договорот за мандат, договорите за застапување и другите професионални правила и стандарди на мединската професија, суштествените елементи на тие договори и начините на исполнување на обврските произлезени од нив.<br>- студентите да бидат во состојба да ги знаат основните правила за разграничување на поимите “работа”, “услуга”, “добра”, “набавка” и различните специфичности на овие поими во завосност од професионалната или трговската гранка на која се однесуваат, како | | | | |

| | |
|---|---|
| | и различните видови спецификации и стандарди за поблизок опис на она што треба да се добие како краен резултат на пружената професионална услуга.<br>- студентите да бидат во состојба да ги знаат релевантните домашни прописи со кои се регулираат професионалните услуги и професионалните организации, но и сите релевантни европски правила од оваа област, како и влијанието на правото на заштитата на конкуренцијата во оваа сфера.<br>- студентите да бидат во состојба да ги знаат релевантните надлежни органи што се занимаваат со контролата и надзорот врз пружањето на професионалните услуги и врз професионалните здруженија.<br>- студентите да бидат во состојба да ги знаат различните видови професионални здруженија, начинот на нивното основање, членството, пристапувањето и исклучувањето од членството, како и правните последици што произлегуваат од тоа, основните органи и тела на овие организации, нивната законска регулација и нивната само-регулација, евентуалните јавни овластувања, дисциплинските овластувања и последиците врз вршењето на професионалната дејност во случај на исклучување од членство.<br>- студентите да бидат во состојба да ги знаат организацијата на клиниките и нивната институционална поставеност, како и другите форми на организација на лекарската професија.<br>- студентите да бидат во состојба да ги знаат основните процедури во врска со производството, набавката и дистрибуцијата на лекови, начинот на утврдување на цената и начините на плаќање.<br>- студентите да бидат во состојба да ги знаат основните правила за здравствените фондови и начините на финансирање на здравството како и начините на плаќање на здравствените услуги.<br>- студентите да бидат во состојба да ги знаат релевантните домашни прописи во врска со здравственото осигурување.<br>- студентите да бидат во состојба да ги знаат современите морални дилеми во здравството и медицината.<br>За остварување на овие цели и задачи предметната програма по медицинско право ќе ги обработи теоретските аспекти на медицинското право, а потоа ќе се фокусира на практичната примената на правните правила со кои се регулира медицината и фармацијата.<br>По завршувањето на ова предметна програма студентите:<br>- ќе можат самостојно да ги истражуваат институтите на медицинското право од теориски аспект, начините на нивно нормативно обликување и конкретизација и примената во практиката. |
| 11. | **Содржина на предметната програма:** |
| | Во рамките на предметот Медицинско право се изучуваат основните правни поими на медицинското право и регулацијата на здравствената заштита, правните и обичајните извори за регулација на професијата, професионалната регулација, правната природа на договорот за услуга и договорот за мандат, форми на договори, договорот за услуга, договорот за мандат и договорот за застапување, неспоиви професии, основни елементи на договорите на одделните професии (форма, договорни страни, прифаќање и одбивање на понудата, прифаќање и одбивање на изнајмувањето, одговорност за извршената услуга (компетентност, однос со клиентот, давање совет, обем на заштита, професионална одговорност, осигурување од професионална одговорност), правни лекови на клиентот против давателот на услугата, одговорност на клиентот, природа на различните видови договори за пружање професионална услуга, видови професионални здруженија, |

| | | |
|---|---|---|
| | структура, органи, одлуки што можат да ги донесат, дисциплински овластувања, вршење на јавни овластувања, само-регулација, спроведување на законски и други прописи; пристапот кон здравствените услуги, заштитата на личните податоци, институционалната одговорност, организацијата на јавното и на приватното здравство, фармацевтските производи, клиничките истражувања, медицинските производи, безбедноста на производите, киника и организација, организација на медицински установи, брза помош, финансирање, фондови, здравствено осигурување, наплата за пружената услуга, систем на дистрибуција, аптеки и начин на организација, етички проблеми, осигурување од професионална одговорност, судска пракса, европско законодавство.<br>Предметот го анализира правното регулирање на сите аспекти на медицинската и фармацевтската професија. | |
| **12.** | **Методи на учење:** | Материјата е поделена во 12 тематски единици Во рамките на секоја тематска единица прашањата ќе се анализираат од теоретски и од практичен аспект. Студентите ќе бидат поттикнувани за самостојна и тимска истражувачка работа, менторирана од предметните наставници, која што ќе им овозможи продлабочени знаења и развој на вештини.<br>Во предавањата ќе се користат различни техники на работа, вклучително Power Point презентации, индивидуални и групни презентации од студентите како и заеднички дискусии. Предавањата ќе бидат интерактивни, а се очекува и ангажираност на студентите од аспект на истражување на одредени теми во и вон материјалот кои можат да бидат презентирани во договор со предметниот професор. Задачите за секоја наредна недела (каде е можно и порано) ќе бидат однапред назначувани со цел студентите да имаат доволно време да се подготват.<br>Од студентите се очекува да развијат истражувачки и аналитички вештини, но и да аплицираат презентерски вештини на час.<br>Што се однесува до задолжителната литература освен релевантните закони што ја регулираат ова материја (Законот за здравствена заштита, Закон за здравствено осигурување, Закон за лекови и медицински помагала, Закон за хемикалии, Закон за прекурзори, Закон за биомедицинско оплодување, Закон за облигации, Закон за здруженија на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | граѓани и фондации, Закон за трговски друштва, Закон за заштита на потрошувач, Закон за индустриска сопственост и други сродни права и други релевантни прописи) студентите ќе добијат соодветни материјали што ќе мора да ги прочитаат. Што се однесува до литературата која студентите ќе мора да ја совладаат како испитна литература, таа ќе биде потесна од онаа што е предвидена за читање во согласност со ЕКТС стандардите (до 330 страни). | | |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 6ЕКТС = 150 часа | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 52,5+0+17,5+0+80 | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 52,5 |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 0 |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 17,5 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 0 |
| | | 16.3 | Домашно учење | 80 |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | | 70 бода |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | | 20 бода |
| | **17.3** | **Активност и учество** | | 10 бода |
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | до 51 бода | | 5 (пет) (F) |
| | | од 51 до 60 бода | | 6 (шест) (E) |
| | | од 61 до 70 бода | | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | Реализирани активности 16.1, 16.2, 16.3 | | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик | | |

| | | |
|---|---|---|
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација |
| **22.** | **Литература** | |

**22.1 Задолжителна литература**

| Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Marc Stauch | The Law of Medical Negligence in England and Germany: A Comparative Analysis (превод обезбеден од страна на предметиот наставник) | Hart Publishing | 2008 |
| **2.** | Michael G. Faure Helmut Koziol | Cases on Medical Malpractice in a Comparative Perspective (превод обезбеден од страна на предметниот наставник) | Springer | 2016 |
| **3.** | | Закон за здравствената заштита | Службен весник на Република Македонија | 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 |

**22.2 Дополнителна литература**

| Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **1.** | Elias Mossialos, Govin Permanand, Rita Baeten, Tamara Hervey | Health Systems Governance in Europe: The Role of European Union Law and Policy | Cambridge University Press | 2010 |
| | | **2.** | Kyriaki-Korina Raptopoulou | EU Law and Healthcare Services | Wolters Kluwer Law & Business | 2015 |
| | | **3.** | Leigh Hancher, Wolf Sauter | EU Competition and Internal Market Law in the Healthcare Sector | Oxford University Press | 2012 |